**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**
**Су-04 број 39/19-2**
**23.01.2020 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 39 и 88 од Законот за судовите, по службена должност, поради констатиран пропуст при писмената изработка на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2020 година, на ден 23/01/2020 година донесе:

# О Д Л У К А
## за дополнување на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2020 година

Распоредот за работа на Претседателот на судот во Основен суд Неготино за 2020 година Су-04 број 39/19 од 30/12/2019 година **СЕ ДОПОЛНУВА** во точка 4 во делот за постапувањето на судија Лазар Ризов **со тоа што се додава нова алинеја:**

„-по парнични предмети од уписник „П-2“ примени заклучно до 14/11/2019 година.“

## О б р а з л о ж е н и е

Претседателот на судот Билјана Толова на ден 23/01/2020 година констатира дека при писмената изработка на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите за 2020 година во Основен суд Неготино, во точка 4, која се однесува за постапувањето на судија Лазар Ризов, пропуштено е да се наведе постапувањето по предмети од уписник “П-2“ примени од судијата заклучно со 14/11/2019 година.

Имено, според Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино Су-04 број 32/18 од 24/12/2018 година, на судијата Лазар Ризов му се распределувале предмети од уписник „П-2“. Со измената на Распоредот Су-04 број 31/19 од 14/11/2019 година е одлучено да од 15/11/2019 година по парничните предмети од уписникот „П-2“ постапува само Претседателот на судот судија Билјана Толова, но не и по предметите кои заклучно со 14/11/2019 годиона биле распределени по АКМИС кај судија Лазар Ризов, од што произлегува дека судија Лазар Ризов продолжува да постапува по веќе примените предмети од уписник „П-2“ до донесување на првостепена одлука.

Бидејќи во Рапоредот е пропуштено да се наведе дека судијата Лазар Ризов ќе постапува по парнични предмети од уписник „П-2“ примени заклучно со 14/11/2019 година, Претседателот на судот донесе одлука за дополнување на истиот како во диспозитивот.

Основен суд Неготино, 23/01/2020 година.

**Претседател на судот,**
Билјана Толова

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против оваа одлука за дополнување на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино дозволен е приговор во рок од 8 дена од денот на приемот преку овој суд до општата седница на Врховниот суд на РСМ само во делот на дополнувањето.